

ИЗДАНИЕ БР.32,
МЕСЕЦ ЈУЛИ 2021

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАВРШИ АСФАЛТИРАЊЕТО ПРЕД ДОМОТ ВО С.ВАТАША. СЕ АСФАЛТИРАШЕ ПОВРШИНА ОД 680 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПО ИСТИОТ ДОГОВОР ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ И СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. МОКЛИШКА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ, А ВКУПНАТА ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ Е 1 635 000 ДЕНАРИ.





СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПАРКИНГ НА ЗГРАДА НА УЛ."СТРАШО ПИНЦУР".СТАНУВА ЗБОР ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 1.200 М2 СО БЕХАТОН КОЦКИ. ИЗВЕДУВАЧ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД А ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА ОВАА УРБАНА ЗАЕДНИЦА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА НА УЛ.ИЛИНДЕНСКА. СЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА А ПОТОА АСФАЛТИРАЊЕ СО ПОВРШИНА ОД 950 МЕТРИ КВАДРАТНИ. СОГЛАСНО ИСТИОТ ПРОЕКТ БЕШЕ ИЗВРШЕНО И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПОВРШИНА ОД 300 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ, КОЈА, КАКО ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА КОМПАНИЈА ШТО КОНТИНУИРАНО СЕ ГРИЖИ ЗА ЗАЕДНИЦАТА, ВО СЕЛОТО ВОЗАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД НАЈБЛИСКАТА ЗАЕДНИЦА, ДОНИРА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОГРАДАТА НА УЧИЛИШТЕТО ПОУ „СТРАШО ПИНЏУР", КОЕ СПАЃА ПОД ООУ „СТРАШО ПИНЏУР" - КАВАДАРЦИ.

ОВАА ДОНАЦИЈА ВО ВРЕДНОСТ ОД ОКОЛУ 700.000 ДЕНАРИ СЕ СОСТОИ ОД БЕТОНСКИ И МЕТАЛЕН ДЕЛ НА ОГРАДАТА ВО ДОЛЖИНА ОД 280 МЕТРИ И ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЈНА, КАПИТАЛНА ДОНАЦИЈА СО ЦЕЛ ДА СОЗДАДЕ СООДВЕТНИ УЧИЛИШНИ УСЛОВИ И ДА ЈА ЗГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСТА НА ДЕЦАТА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ТРИ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ, УЛ.ЃУРО САЛАЈ, ЗАПАДЕН БУЛЕВАР И УЛИЦА ВО НАСЕЛБА ЈАСМИН. СЕ ЗАВРШИ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ВО НАСЕЛБА ЈАСМИН. ВКУПНАТА ПОВРШИНА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ОВИЕ УЛИЦИ Е 2350 МЕТРИ КВАДРАТНИ , СО ВРЕДНОСТ ОД 4 203 140 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПОТПИШАН ДОГОВОРОТ ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СППМД И КРЕАКТИВ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ПРВА ОД ТРИТЕ ОПШТИНИ ВО КОЈА СЕ ОТСТАПУВА НА КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР. УРЕДУВАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ ГО ИЗВРШИ АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ А ОСТАНАТИТЕ ТРОШОЦИ СЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ, ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ ПОДРУЖНИЦА БОР КАВАДАРЦИ И ТППЕ КАВАДАРЦИ ДЕНЕСКА ЗАПОЧНАА СО АКЦИЈАТА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА НЕКОИ ЗАПУШТЕНИ ПОЛСКИ ПАТИШТА И ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА НА МЕСНОСТА ЉУБАШ СЕ СО ЦЕЛ ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ.




СЕ ОТПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА “ИЛИНДЕНСКА” КОЈА Е ВО РАМКИ НА “ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА”.

НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА РСМ ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, КОЈ ЌЕ СЕ РАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ И УЛИЦИТЕ “ПИОНЕРСКА” И ”БРАЌА ЏУНОВИ” ВО ПРВ ТЕНДЕР. СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА АЛОЦИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА “ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА” НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ВО ИЗНОС ОД 1.112.010.21 €.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА ЛИЧНА ИНИЦИЈАТИВА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО СОРАБОТКА СО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" ПО ВТОР ПАТ СЕ ОРГАНИЗИРА МАНИФЕСТАЦИЈАТА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО. СО ОВАА МАНИФЕСТАЦИЈА ЌЕ СЕ ОПФАТАТ СИТЕ КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ВО ГРАДОТ. КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО НУДИ ПРОГРАМА ЗА СИТЕ ВОЗРАСТИ, ОД НАШИТЕ НАЈМАЛИ ПА СЕ ДО НАЈВОЗРАСНИТЕ.










ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИТЕ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР ИЗВРШИЈА ПРОБИВАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦА БРАЌА Х. ТЕФОВИ, КАДЕ ШТО Е РЕШЕН ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ ВО ОВОЈ РЕОН.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ ВО ИЗНОС ОД 21,901,643 ДЕНАРИ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВАЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ ИЗГРАДАТ 4,755 МЕТРИ ПРИМАРНА МРЕЖА И СЕКУНДАРНА МРЕЖА ВО ДОЛЖИНА ОД 10,627 МЕТРИ. ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ТРИ ФАЗИ И ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ 600 НОВИ ПРИКЛУЧОЦИ. ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД ПРОГРАМАТА ТАВ ЗА ПОДДРШКА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ.







СЕ ОТПОЧНА СО ОБНОВА НА ИСУШЕНИТЕ ДРВА НА УЛИЦА ИЛИНДЕНСКА НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО УЛ. ПАНО МУДАРОВ ДО СПОЈ СО УЛ. 7 МИ СЕПТЕМВРИ. НА ОВОЈ ПОТЕГ БЕА ПОСАДЕНИ ПОВЕЌЕ ГОДИШНИ САДНИЦИ ОД ИСТИОТ ВИД LIRIODENDRON TULIPIFERA L.- ЛИРИОДЕНДРОН СО ВИСИНА ОД 4 ДО 5 МЕТРИ ВИСОЧИНА. ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ПО УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРОТ И ЖАРДИНЕРИИТЕ НА УЛ. ИЛИНДЕНСКА КАДЕ СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА ЌЕ БИДАТ ПОСАДЕНИ ИСТИ ВАКВИ САДНИЦИ ОД ИСТИОТ ВИД КОЕ ВЕЌЕ СЕ НАБАВЕНИ. ОВА ИНВЕСТИЦИЈА Е ОБЕЗБЕДЕНА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 598.000,00 ДЕНАРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА РАСКРСНИЦА СО ПОТЕГ ОД УЛ. "ИНДУСТРИСКА" СПОЈ СО БУЛ. "МОША ПИЈАДЕ" И НА РАСКРСНИЦА СО ПОТЕГ ОД УЛ. "ШИШКА" СПОЈ СО УЛ. "САВА КОВАЧЕВИЌ" И НА УЛ."ЃОРЃИ СОКОЛОВ". НА ОВИЕ ЛОКАЦИИ СЕ ПОСТАВЕНИ 11 СТОЛБОВИ ОД 8 И 10 МЕТРИ И 14 СВЕТИЛКИ СО МОЌНОСТ ОД 100W. ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ УЛИЧНИ СВЕТИЛКИ, НИЗ ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





КОНТИНУИРАНО СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ОКОЛИНАТА НА КАВАДАРЦИ. СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТ ДО С. КЛИНОВО.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО С. РЕСАВА И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ НАПРАВИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ СО ПОВРШИНА ОД 900 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ПОРТЛАНД ОПЦ, СТРУМИЦА.



СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО СЕЛАТА ВОЗАРЦИ, ШИВЕЦ И РАЕЦ, СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.ВОЗАРЦИ КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2021 ГОДИНА. ПРЕДВИДЕНИ СЕ 320М2 КОЦКИ ЗА НОВИ УЛИЦИ И 250М2 КОЦКИ ЗА УЛИЦИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ РЕКОНСТРУИРААТ.
ИЗВЕДУВАЧ НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД И ВРЕДНОСТА НА ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1.260,000,ОО ДЕНАРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО СЕЛАТА ВОЗАРЦИ, ШИВЕЦ И РАЕЦ, СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.ШИВЕЦ КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2021 ГОДИНА. ПРЕДВИДЕНИ СЕ 380М2 КОЦКИ ЗА НОВИ УЛИЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД И ВРЕДНОСТА НА ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1.260,000,ОО ДЕНАРИ.

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА КАПЕЛА НА МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА ВО КАВАДАРЦИ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 2 660 000 ДЕНАРИ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ОПШТИНА КОЈА СЕ ГРИЖИ ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ И НА БАРАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА МУСЛИМАНСКАТА ВЕРОИСПОВЕД ГО РЕАЛИЗИРА ОВОЈ ПРОЕКТ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

УЛ.„РЕСАВСКА“ Е САМО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ СООБРАЌАЈНИЦИ, КАДЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ЦЕЛОСНО НОВ СЛОЈ НА АСФАЛТ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД РЕЧИСИ И ЌЕ НЕМА УЛИЦА ВО ГРАДОТ, КОЈА НЕМА ДА БИДЕ РЕКОНСТРУИРАНА ИЛИ АСФАЛТИРАНА. ПО ПРОБИВАЊЕТО НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР УЛ.РЕСАВСКА ДОБИ ГОЛЕМА ФРЕКФЕНЦИЈА И Е ПРЕДВИДЕНА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА. ЌЕ СЕ ОТСТРАНИ СТАРИОТ СЛОЈ, СЕ ПРАВИ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОДЛОГАТА, НИВЕЛИРАЊЕ НА ШАХТИ И НА СЛИВНИЦИ, А ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ЦЕЛОСНО НОВ СЛОЈ НА АСФАЛТ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ Е ОПФАТЕНА И УЛ.„ИВАН МАЗЕВ“НАСПРОТИ НОВАТА ГРАДИНКА. ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ВО ВИСИНА ОД ОКОЛУ 7 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.






ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА НОВА МИНИ ХИДРОЦЕНТРАЛА ВО ЈП КОМУНАЛЕЦ. ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА Е ПЛАНИРАНО ДА СЕ ВРАТИ ВО РОК ОД 3 ГОДИНИ А ИСТАТА Е СО ВАРИЈАБИЛНА МОЌНОСТ ОД 80 ДО 150 КИЛОВАТИ НА ЧАС. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВАА МИНИ ХИДРОЦЕНТРАЛА ЌЕ СЕ ДОБИЈАТ ВКУПНО ПЕТ МИНИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ ПРЕКУ КОИ ЈП КОМУНАЛЕЦ ИМА ДИРЕКТЕН БЕНЕФИТ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА 7 МИ СЕПТЕМВРИ СЕ ОЧЕКУВА ДА СЕ ОТВОРИ НОВИОТ ВИНСКИ САЛОН ЗА ПРОМОЦИЈА НА МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕ НА СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ ГО АДАПТИРА ПРОСТОРОТ ЗА ПРОМОЦИЈА НА МАЛИТЕ ВИНАРИИ СО ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР И ПРОМОЦИЈА КАКО И ДЕЛ ЗА ЕНОЛОЗИТЕ КОИ СТРУЧНО ЌЕ ГИ ПРЕЗЕНТИРААТ ОВИЕ ВИНАРИ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ ВИНОТЕКА ПО НАЈВИСОКИТЕ СТАНДАРДИ А ПРЕД СЕ ДОБРА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ.



КОНТИНУИРАНО СЕ ГРАДИ ВО ООУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ. ОВДЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ НЕКОЛКУ ПРОЕКТИ. АДАПТАЦИЈА ЗА ПОГОЛЕМА УЧИЛНИЦА, СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО ОД ГОДИНА ВО ГОДИНА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ РАСТЕ ВО ОВА УЧИЛИШТЕ. АДАПТАЦИЈА НА ПРОСТОРИЈА ЗА ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ, ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТОАЛЕТИТЕ. ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР ИСТО ТАКА БЕШЕ ИЗГРАДЕНО И СОВРЕМЕНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

22 ФАСАДИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО КАВАДАРЦИ СЕ РЕКОНСТРУИРААТ. ОПШТИНАТА ЗА ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА ЌЕ ПОТРОШИ 19 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, ПАРИ ОД БУЏЕТОТ, А ЦЕЛТА Е ЗГРАДИТЕ ДА ДОБИЈАТ ОСВЕЖЕН ЛИК, НО И ДА СЕ ЗГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ, БИДЕЈЌИ МНОГУ ОД НИВ СЕ СТАРИ И ПО 50 ГОДИНИ, ПА ЧЕСТО СЕ ОДРОНУВАА МАЛТЕРИ.



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО КАВАДАРЦИ. СЕ ОТВОРА ПРОСТОР ЗА ПРИЕМ И ЗГРИЖУВАЊЕ НА 150 ДЕЦА. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ РЕАЛИЗИРА ЗАЕДНО СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА. ОВАА ГРАДИНКА Е ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ПОСЕБНО ЗА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ КОЈ ДОПРВА СЕ РАЗВИРА И СЕ ГРАДИ. ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е ОКОЛУ 55 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ВО С.ВАТАША

НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА И ЦЕЛОСНО НОВ СЛОЈ НА АСФАЛТ СЕ ПОСТАВИ НА УЛИЦАТА ПРЕД СПОМЕН ДОМОТ ВО ВАТАША И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА СО ПОВРШИНА ОД 680 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ЗА СЕЛОТО ВАТАША ОД БУЏЕТОТ ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЌЕ БИДАТ ИЗДВОЕНИ 4 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. ЗА 2021 ГОДИНА ВО СЕЛОТО ВАТАША Е ПЛАНИРАНО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА ПРЕД ДОМОТ И ГРАДИНКАТА. ПРЕТХОДНО ЈП КОМУНАЛЕЦ ЈА СМЕНИ ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА. ИСТО ТАКА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ Е УЛИЦА „МОКЛИШКА", УЛИЦА „ВАНЧО НИКОЛОВСКИ" – СПОЈ СО „БОРО ВАТАШКИ", ПРЕДВИДЕНО Е ПРЕРЕДУВАЊЕ НА БЕКАТОН КОЦКИ И УЛИЦА „ПАНЕ ЏУНОВ" -ИЗГРАДБА НА ТРОТОАР. ЦЕЛОКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОВИЕ ПРОЕКТИ Е 4 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. СИТЕ ТИЕ СЕ ОТПОЧНАТИ И СЕ ВО ЗАВРШНА ФАЗА.





ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ИНТЕНЗИВНО ХОРТИКУЛТУРНО СЕ УРЕДУВАА ПОВЕЌЕ ПОВРШИНИ ВО СЕЛОТО.

ОД МОКЛИШТЕ ДО СПОМЕНИКОТ НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ИМА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ. СЕЛОТО ДОБИВА КОМПЛЕТНО УРЕДУВАЊЕ ОД ТРЕВНИЦИ, ДРВОРЕДИ, ЦВЕЌИЊА. ТАКА ДА ВО ОВАА СРЕДИНА СЕ ДВИЖАТ МНОГУ ЛУЃЕ КОИ РЕКРЕИРААТ НАКАЈ МОКЛИШТЕ, НА КАЈ ПАТЕКАТА И ИМАМЕ ЕДЕН НОВ МОДЕРЕН ИЗГЛЕД НА СЕЛО ВАТАША .

ВО ИЗМИНАТИВЕ ТРИ ГОДИНИ СЕ ИЗВРШИ УРЕДУВАЊЕ НА ПРЕДНИОТ ДЕЛ КАЈ ЗГРАДИТЕ СИЛЕКС. СЕ ПОСТАВИ ПОДЗЕМНО НАВОДНУВАЊЕ, НОВИ ТРЕВНИ ПОВРШИНИ, ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА ВО КАВАДАРЦИ СЕ РЕАЛИЗИРА СО ЗАСИЛЕН ИНТЕНЗИТЕТ. ГРАДЕЖНАТА МЕХАНИЗАЦИЈА Е ПРИСУТНА ВО СЕКОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА. ВО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „ ЗАДРУГАР" ВО НАСЕЛБАТА „ЦРНОРЕЧКА" СЕ ПРОБИЕНИ ТРИ НОВИ УЛИЦИ КОИ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ДОБИЈАТ КАНАЛИЗАЦИОНА И ВОДОВОДНА МРЕЖА И ЌЕ БИДАТ АСФАЛТИРАНИ СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 5000 М2. ОВИЕ УЛИЦИ СЕ НАВРЕМЕНО НАПРАВЕНИ, ПРЕД ДА СЕ ПОЧНЕ ДА СЕ ИЗДАВААТ ГРАДЕЖНИ ДОЗВОЛИ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БАШ ВО ОВАА НАСЕЛБА, КАЈ ШТО СЕ ПРОШИРУВА ГРАДОТ, ИНФРАСТРУКТУРАТА ЈА ГРАДИ ПРЕД ДА СЕ ПОЧНЕ СО ГРАДЕЊЕ НА СТАНБЕНИ И ИНДИВИДУАЛНИ ОБЈЕКТИ. ПОТОА СЛЕДУВА ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА, ВОДОВОДНА И АТМОСФЕРСКА МРЕЖА И КОМПЛЕТНО АСФЛАТИРАЊЕ НА ОВИЕ ТРИ УЛИЦИ. ВКУПНА ИНВЕСТИЦИЈА ЗА ПРОБИВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ ИЗНЕСУВА 8МИЛИОНИ ДЕНАРИ..



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДЕЖНАТА ЕКСПАНЗИЈА ВО КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА. СЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА„БЛАЖО АЛЕКСОВ".ОВОЈ ПРОЕКТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 11,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





СЕ АСФАЛТИРАШЕ УЛ. БРАЌА ЦУНОВИ ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА". НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА РСМ ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, КОЈ ЌЕ СЕ РАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ И УЛ. "ПИОНЕРСКА" И УЛ."ИЛИНДЕНСКА".





# НАСТАН

КОШАРКАРСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ДО 16 ГОДИНИ БЕШЕ ПРИМЕНА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ ИМ ПОСАКА МНОГУ УСПЕХ НА ПРЕСТОЈНОТО ТУРНИР. ТОЈ ДОБИ И ПОДАРОЦИ ОД КОШАРКАРКИТЕ КАКО БЛАГОДАРНОСТ ЗА ПРИЕМОТ И ПРИЈАТНИОТ ПРЕСТОЈ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.










СЕ РАЕЛИЗИРАШЕ ПРВАТА ТЕОРЕТСКА НАСТАВА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДОБРОВОЛНОТО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО САШКО ГЕШОВСКИ. НАСТАВАТА ЈА СЛЕДЕА ЛИЦА ОД ПЛАНИНАРСКОТО ДРУШТВО ОРЛЕ КАКО И УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНОШКОЛСКА ВОЗРАСТ.





ЛИСТА НА СТИПЕНДИСТИ ОД ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ
ПОВИК БРОЈ БР.4-2021 ОД 06.07.2021
НА ДЕН 11.07.2021 НЕДЕЛА ВО РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА КОЖУВЧАНКА ДОО РАБОТЕН СОСТАНОК ОДРЖА КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ОД ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ. ПО ДЕТАЛНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СИТЕ ПРИСТИГНАТИ АПЛИКАЦИИ КОМИСИЈАТА ОДЛУЧИ ДА ГИ НАГРАДИ 10 АПЛИКАНТИ.
ОВОГОДИНЕШНИТЕ СТИПЕНДИИ СО ЕДНОКРАТЕН ИЗНОС ОД 500 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВРЕДНСОТ СЕ ВЕЌЕ ИСПЛАТЕНИ НА ДОБИТНИЦИТЕ.
ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ ПРОДОЛЖУВА И ПОНАТАМУ ДА ЈА СЛЕДИ СВОЈАТА МИСИЈА ДА ЈА НАСОЧИ ПОТРЕБНАТА ПОМОШ ТАМУ КАДЕ ШТО Е НАЈПОТРЕБНО.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ „ШЕПИ 2021“ НА 11.06.2021 ГОДИНА, ЗАПОЧНАА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ. МЕЃУ НЕКОЛКУТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ Е И ПОПИСОТ НА КУЧИЊА И МАЧКИ КОИ ИМААТ СОПСТВЕНИЦИ. ДО СЕГА ПОПИШАНИ СЕ 254 КУЧИЊА И 112 МАЧКИ. ТЕРИТОРИЈАЛНО Е ПОПИШАНО С.ВАТАША И ДЕЛ ОД ГРАДОТ. НЕКОИ ОД СОПСТВЕНИЦИТЕ НЕ САКААТ ДА ГИ ПОПИШУВААТ СВОИТЕ ДОМАШНИ МИЛЕНИЧИЊА, СО ТОА ШТО И ТИЕ СЕ ЕВИДЕНТИРААТ КАКО ТАКВИ. СЕ РАБОТИ НА АПЛИКАЦИЈА ПРЕКУ КОЈА СОПСТВЕНИЦИТЕ ЌЕ МОЖАТ И САМИ ДА ГИ ВНЕСАТ СВОИТЕ НОВИ ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ ВО СИСТЕМОТ.
ДЕНОВИВЕ ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО МОНТАЖА НА ИНФОРМАТИВНИТЕ ТАБЛИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НА 10 ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А НА ИСТИТЕ ЌЕ БИДАТ ИСПИШАНИ СОВЕТИ ЗА ГРИЖА И ЗАШТИТА НА МИЛЕНИЦИТЕ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ И СО УРЕДУВАЊЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ КОИ ЌЕ СЕ НАМЕНАТ ЗА ПАРКОВИ ЗА МИЛЕНИЦИ СО СООДВЕТНИ РЕКВИЗИТИ.
РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ НЕ ВОДИ КОН ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УШТЕ ЕДЕН ГОЛЕМ ПРОЕКТ КОЈ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ КОГА СЕ ВО ПРАШАЊЕ ЖИВОТНИТЕ, А ТОА Е ИЗГРАДБА НА СТАЦИОНАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА.



Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

**kavadarci.gov.mk**